**20231021935**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 мај 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2023 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат интервентни мерки за финансиска поддршка во земјоделството за ублажување на последиците предизвикани од зголемувањето на производствените трошоци за производство на земјоделски култури, преку Интервентниот фонд за земјоделство.

(2) Средствата за реализација на оваа програма во износ од 317.000.000,00 денари обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/22, Раздел 140.04 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Потпрограма 21 – Интервентен фонд за земјоделство, ставка 464 – Разни трансфери ќе се користат за следните интервентни мерки:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во земјоделството | 277.000.000,00 |
| 2. | Заостанати обврски по подмерките 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 2.1, 2.2, 2.3 и 2.4 од Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство од 2022 година. | 40.000.000,00 |
| Вкупно | | 317.000.000,00 |

II

Средствата од делот I став (2) од табелата мерка 1 „Финансиска поддршка во земјоделството“ во износ од 277.000.000,00 денари се наменети за реализација на следната подмерка:

| 1. | Финансиска поддршка во земјоделството | |
|---|---|---|
| Број на подмерка | Име на подмерката | Корисници на подмерката и висина на финансиската поддршка |
| 1.1. | Финансиска поддршка за трошоци за расадена површина со зимска зелка на отворено или за расадена зимска зелка на отворено и продадено зимска зелка до 15 април 2023 година од најмалку 5.000 килограми на хектар | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои во август 2022 година имаат расадено зимска зелка на отворено или имаат расадено зимска зелка на отворено и продадено зимска зелка до 15 април 2023 година од најмалку 5.000 килограми на хектар.<br>2. Висината на финансиската поддршката изнесува 61.000 денари по хектар за расадена зимска зелка. |

III

(1) Финансиска поддршка од дел II во подмерка 1.1. „Финансиска поддршка за трошоци за расадена површина со зимска зелка на отворено или за расадена зимска зелка на отворено и продадено зимска зелка до 15 април 2023 година од најмалку 5.000 килограми на хектар“ ќе се врши врз основа на поднесено барање до Агенцијата кое треба да содржи податоци за расадената зимска зелка на отворено и тоа за површината на земјишните парцели евидентирани во Системот за идентификација на земјишни парцели (вопонатамошниот текст: СИЗП) на кои е расадена зимска зелка, односно е расадена зимска зелка на отворено и продадена зимска зелка до 15 април 2023 година од најмалку 5.000 килограми на хектар за што се доставени докази за продадена зелка, најдоцна до 20 јуни 2023 година.

(2) Административните проверки и контроли потребни за реализација на финансиската поддршка од делот II подмерка 1.1. „Финансиска поддршка за трошоци за расадена површина со зимска зелка на отворено или за расадена зимска зелка на отворено и продадено зимска зелка до 15 април 2023 година од најмалку 5.000 килограми на хектар“ се вршат во Агенцијата врз основа на:

- податоците за површината на земјишните парцели евидентирани во СИЗП на кои е расадена зимска зелка на отворено, односно е расадена зимска зелка на отворено и продадена зимска зелка до 15 април 2023 година од најмалку 5.000 килограми на хектар и податоците за површините на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства со состојба до денот на поднесување на барањата и

- доставен доказ (откупни белешки од регистриран откупувач, согласно Законот за земјоделство и рурален развој) од страна на носителот на земјоделското стопанство со кој се докажува дека има продадена зимска зелка најдоцна до 15 април 2023 година од најмалку 5.000 килограми на хектар или податоци за површина со расадена зимска зелка на отворено во август 2022 година, потврдена со записник за извршен увид на лице место од страна на Комисијата од став (3) на овој дел.

(3) За потврдување на податоците за расадена зимска зелка на отворено на површините наведени во барањето за доделување на финансиската поддршка и за вршење на увид согласно ставот (2) алинеја 2 од овој дел, од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се формира комисија составена од претседател и два члена од редот на вработените во подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој дел врз основа на барање за потврдување на податоците од став (3) на овој дел, поднесено најдоцна до 31 мај 2023 година од носителот на земјоделското стопанство до подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде е регистрирано земјоделското стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства со записник врши увид на лице место.

(5) Податоците од записникот од увидот на лице место на површините на кои утврдиле остатоци од зимска зелка Комисијата од ставот (3) на овој дел ги доставува до Агенцијата, најдоцна до 20 јуни 2023 година.

IV

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата од страна на Агенцијата, најдоцна до 31 декември 2023 година.

V

Директорот на Агенцијата заклучно со 31 декември 2023 година доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4442/6
16 мај 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.